Прашања и одговори во врска со јавниот повик ЦЕА-КФ-МОН-01/2026

Појаснувања за заинтересираните апликанти во рамки на јавниот повик за доделување грантови за граѓански организации

Во рамки на јавниот повик ЦЕА-КФ-МОН-01/2026, објавен како дел од проектот „Зајакнување на интегритетот во климатското финансирање“, Центарот за економски анализи (ЦЕА) ги објавува одговорите на прашањата доставени од заинтересираните апликанти.

Целта на оваа објава е да се обезбедат дополнителни појаснувања во врска со подготовката на апликациската документација, прифатливите активности и финансиските аспекти на јавниот повик.

1. Во кој формат треба да се достави апликациската документација?

Прашање: Дали апликациската форма, документот за концепт и методологија и останатите документи треба да се достават во Word формат или како скенирани документи?

Одговор:

Во согласност со насоките на јавниот повик, на страница 7 од Упатството за апликанти е прецизно наведено во кој формат треба да биде поднесен секој од потребните документи.

Апликантите треба да ги следат наведените барања при подготовката и доставувањето на апликациската документација.

2. Дали организирањето дебати, онлајн кампањи или медиумски кампањи за споделување на резултатите од мониторингот претставува прифатлива активност?

Одговор:

Потребно е да се направи јасна разлика помеѓу организирањето дебати и презентирањето на наодите од спроведениот мониторинг.

Организирањето дебати не е предвидено како цел на јавниот повик. Од друга страна, споделувањето и презентирањето информации, резултати и наоди од спроведениот мониторинг е прифатливо и во согласност со целите на повикот.

Активностите за информирање и презентирање на резултатите треба да бидат директно поврзани со спроведениот мониторинг и усогласени со условите и целите на јавниот повик.

3. Дали лицето предвидено како замена за клучниот монитор мора да биде вклучено како посебна ставка во буџетот?

Прашање: Дали лицето кое ќе го замени клучниот монитор во случај на спреченост мора да биде предвидено како посебна буџетска ставка или хонорарот за монитор може да биде планиран во една ставка?

Одговор:

Лицето предвидено како замена за клучниот монитор не мора да биде вклучено како посебна ставка во буџетот, доколку за него не е предвиден посебен ангажман.

Хонорарот за монитор може да биде планиран во една буџетска ставка, имајќи предвид дека замената би се ангажирала само во случај на спреченост на клучниот монитор.

4. Дали ЦЕА ќе обезбеди ослободување од ДДВ за трошоците во рамки на проектот?

Одговор:

ЦЕА не обезбедува ослободување од данокот на додадена вредност (ДДВ) за трошоците во рамки на проектот.

Согласно условите на јавниот повик, ДДВ не претставува прифатлив трошок и не треба да биде вклучен во буџетот како трошок што ќе се финансира од грантот.

5. Дали персоналниот данок (данок на личен доход) претставува прифатлив трошок?

Одговор:

Да. Персоналниот данок (данок на личен доход) претставува прифатлив трошок и може да биде вклучен во буџетот како составен дел од трошоците за ангажираниот персонал.

Важна напомена:

Овие појаснувања се однесуваат на јавниот повик ЦЕА-КФ-МОН-01/2026 и имаат за цел да им помогнат на заинтересираните апликанти при подготовката на нивните проектни предлози.

Апликантите треба да ги почитуваат сите услови и барања утврдени во Упатството за апликанти и придружната документација на јавниот повик.